Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-275/11

16-07-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-275/1 од 5.3.2025 година поднесена од --------- од Битола, со адреса на ---------, против ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски"- Битола, за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски"- Битола врз --------- врз основа на образование во областа на работата и работните односи.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") е поднесена претставка заведена под архивски број 08-275/1 од 5.3.2025 година, од страна на --------- од Битола против ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски"- Битола, за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи.

Според наводите од претставката, на подносителот му било понудено ново Решение за коефициент на сложеност, со намален коефициент, без да биде земена во обзир неговата магистратура. Со претходно решение од 5.7.2023 година му бил пресметан коефициент со магистратура, кој со новото решение му се крати. Истото се случило и кај тројца останати колеги-вработени во болницата, додека пак сè уште има колеги на кои им е призната магистратурата и не им е намален коефициентот.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во случај кога претставката е нејасна, ќе го задолжи подносителот истата да ја доуреди.

Од причина што во претставката не беше образложена дискриминаторската основа врз која подносителот го темели тврдењето за сторена дискриминација, Комисијата на ден 11.3.2025 година испрати Барање за доуредување на претставката бр. 08-275/2 до подносителот, со кое даде насока на подносителот да ја доуреди претставката во насока што ќе образложи на кој начин смета дека неговото образование влијаело на дискриминаторскиот третман. Воедно Комисијата укажа дека дискриминаторската основа претставува лична карактеристика која го разликува подносителот од лицето или лицата кои се наоѓаат во иста или слична ситуација. Оттука, бидејќи во претставката наведува дека во пресметката на коефициент не е земена во обзир неговата магистратура, додека пак има колеги на кои им е земена во обзир (што укажува на тоа дека тие имаат ист степен на образование), подносителот беше упатен да наведе што смета дека претставувало причина за ваквиот нееднаков третман помеѓу вработените во ЈЗУ Клиничка болница-Битола.

На ден 19.3.2025 година подносителот достави Доуредување на претставката, заведено под бр. 08-275/3, на електронската адреса на Комисијата.

Во доуредувањето образложува дека е вработен во ЈЗУ Клиничка болница- Битола како ---------, шифра ---------. Од работодавачот побарал да му се признае магистратурата и со Анекс на договорот за вработување, архивски број --------- од --------- година, потпишан од тогашната директорка ---------, му се зголемил коефициентот за пресметка на плата од 3,296 на 3,514 според важечкиот Колективен договор за здравството. Во истиот период таа година, покрај него, магистратурата им била признаена и на повеќе вработени во болницата.

Оваа година добил ново Решение за утврдување на висина на плата, архивски број --------- од --------- година и Решение за исправка на решение, архивски број --------- од --------- година, со намален коефициент, без магистратура, односно со признат само прв циклус на студии, наместо како дотогашниот коефициент од 3,747 со магистратура.

Истакнува дека дискриминирачки во неговиот случај и во случаите на останатите тројца вработени е тоа што само на нив им бил намален коефициентот за пресметка на плата кој го имале за магистратурата, додека на други вработени во болницата истиот им е признат. Причината поради која ова е направено му е непозната.

Во горенаведените решенија биле споменати Записници за извршен инспекциски надзор ИП1 со број --------- од --------- година и ИП1 со број --------- од --------- година, кои ги побарал на увид, но не ги добил. Потоа во решенијата имало повикување на неговото образование и на Колективниот договор за здравство, што според него е неразбирливо, бидејќи и намалениот коефициент од 3,529 и тој од 3,747 со магистратура се во групи од Колективниот договор каде заедничко за двете групи има наведено профили од природно-математички науки. Неговиот последен степен на образование е Магистер по информатика со вкупно 300 ЕКТС, во научно-истражувачко подрачје Природно-математички науки, што било утврдено и со мислење кое адвокатот на болницата го побарал од Министерството за образование.

Последно истакнува дека со претставката сака да укаже на нерамноправната положба меѓу вработените во болницата, па оттука прашува по кој основ на некои лица им се признава магистратурата, додека пак на некои не, иако го имаат истиот степен на образование.

По добиеното доуредување на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 28.3.2025 година испрати Известување бр. 08-275/5 за произнесување по наводите од претставката до ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски"- Битола.

На ден 23.4.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски"- Битола бр. 03-453/2 од 17.4.2025 година, заведено во Комисијата под бр. 08-275/6.

Во произнесувањето известуваат дека на ден 5.7.2023 година од страна на директорката на ЈЗУ Клиничка болница- Битола, ---------, бил потпишан Анекс кон договорот арх. бр. --------- на административниот службеник ---------, со кој се менува коефициентот на сложеност од 3,296 на 3,514, кој во Анекс на Колективниот договор за здравствена дејност е предвиден за магистер дипломиран правник/магистер дипломиран економист.

По надзор од Државниот инспекторат за труд, каде предмет на надзор бил вработениот ---------, бил изготвен Записник ИП бр. --------- од --------- година во кој била утврдена неправилност при утврдување на коефициент кој не кореспондира со профилот на образование. Истакнуваат дека во Анексот на Колективниот договор за здравствена дејност не постои профил магистер по информатика. Во конкретниот случај, ВД директорката

доставила Решение за утврдување на плата и Решение за исправка на решение согласно коефициентот на сложеност кој кореспондира со профилот на работникот ---------, предвиден во Колективниот договор за здравство и неговите анекси.

Во прилог на произнесувањето беа доставени:

- Решение за утврдување на висина на плата, --------- од --------- година;
- Решение за исправка на решение, бр. --------- од --------- година;
- Анекс кон Договорот за вработување, бр. --------- од --------- година;
- Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 250 од 11.12.2024 година.

Со цел правилно утврдување на фактичката состојба и одлучување по претставката за заштита од дискриминација, Комисијата на ден 7.5.2025 година испрати електронска пошта до подносителот со која ја побара следната информација:

- Бидејќи во претставката се наведува дека има други вработени во болницата на кои им е призната магистратурата и следствено на тоа, тие имаат повисок коефициент на плата за завршено образование, за кои вработени станува збор, односно на кои работни позиции (профили согласно Колективниот договор за здравствена дејност) се тие?

На ден 9.5.2025 година подносителот испрати одговор по електронска пошта до Комисијата, заведен под бр. 08-275/7, со кој како вработени во ЈЗУ Клиничка болница- Битола на кои им е призната магистратурата ги наведува (работна позиција, прв циклус студии и втор циклус студии):

1. --------- - Раководител на --------- со завршен прв циклус на студии како дипломиран економист и втор циклус магистер по менаџмент на човечки ресурси;
2. --------- - Помлад соработник за --------- со завршен прв циклус на студии како дипломиран правник и втор циклус магистер по право;
3. --------- - Магистер биолог со завршен прв циклус на студии како дипломиран биолог и втор циклус магистер по биотехнички науки;
4. --------- - Магистер психолог со завршен прв циклус на студии како дипломиран психолог и втор циклус магистер по психолошки науки;
5. --------- - Магистер здравствен соработник, социјален работник со завршен прв циклус на студии како дипломиран социјален работник и втор циклус магистер по социјална политика;
6. --------- - Магистер психолог со завршен прв циклус на студии како дипломиран психолог и втор циклус магистер по мир и развој.

Оттука, со цел утврдување на фактичката состојба, Комисијата на ден 4.6.2025 година испрати Барање за доставување на дополнителни информации во врска со претставката, бр. 08-275/9, до ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски"- Битола, со кое побара да се појасни дали на горенаведените вработени им е утврден коефициент согласно степенот/профилот на образование, односно дали им е призната нивната магистратура, како и под кој профил согласно Колективниот договор за здравствена дејност спаѓа секој од нив, бидејќи е нејасно дали секој од нив има профил кој кореспондира со оние предвидени во Колективниот договор.

На ден 26.6.2025 година до Комисијата пристигна Поднесок од ЈЗУ Клиничка болница-Битола, преку полномошник адвокат --------- од Битола, заведен во Комисијата под бр. 08-275/10, како одговор на Барањето за информации.

Во одговорот најпрво се наведува дека со Решение на ВД директорката број --------- од -------- година и Решение за исправка на решение --------- од --------- година на работникот -------- му била утврдена висина на плата. Овие решенија биле донесени врз основа на извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд. Согласно Записник за извршен инспекциски надзор, била утврдена неправилност при утврдувањето на коефициентот на сложеност, односно бил утврден коефициент кој што не кореспондира со профилот на образование.

Исто така, од страна на Фондот за здравствено осигурување, врз основа на извршен надзор во работењето на ЈЗУ Клиничка болница- Битола, бил донесен Извештај од 13.12.2024 година со кој било констатирано да се преиспита усогласеноста на коефициентот на сложеност од 3,514% кој спаѓа во Подгрупа VII/2-а „Магистер дипломиран биолог, физичар, хемичар, педагог, психолог, логопед, сурдолог, соматопед", а вработениот се стекнал со научен степен Магистер по информатика.

Наведуваат дека во конкретниот случај не е спорно дека вработениот --------- има доказ за стекната диплома со назив магистер по информатика и овој доказ тој го приложил со барањето за признавање на повисокиот степен на образование согласно член 8 став 1 од Законот за измени и дополнувања на Законот за административните службеници.

Меѓутоа, истакнуваат дека --------- не спаѓа во категоријата помошно стручни административни службеници кои согласно цитираниот Закон имаат право на признавање и вреднување на повисок степен на образование, а исто така и во Колективниот договор за здравствена дејност од каде што се извлекуваат коефициентите на сложеност не е предвиден профил на образование „Магистер по информатика".

Согласно член 85 став 1 од Законот за административните службеници, предвидено е дека административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон, освен ако со посебен закон или со колективен договор не е поинаку уредено.

Платата на административните службеници вработени во ЈЗУ Клиничка болница- Битола е утврдена согласно Колективниот договор за здравствена дејност, од каде што е утврден коефициентот на сложеност.

Согласно член 61 од Колективниот договор, предвидено е дека најниска плата за одделни степени на сложеност се утврдува така што најниската плата за најнизок степен на сложеност се множи со следните коефициенти за одделни степени на сложеност.

Како степен на сложеност утврден според степенот на образование во смисла на овој Колективен договор ќе се вреднува степенот на образование утврден како услов во Актот за организација и систематизација на работните места кај работодавачот.

Согласно Правилникот за систематизација на работните на работните места во ЈЗУ Клиничка болница- Битола број 03-660/1 од 3.12.2019 година, за работното место „---------" предвидено е образование „Компјутерска техника и информатика".

Со цел утврдување на коефициентот на сложеност, било потребно да се утврди степенот на образование за административните службеници, а согласно Класификацијата на научно истражувачките подрачја, поради што било побарано мислење од Министерството за образование, од каде што било доставено Мислење за бараните профили на образование.

Согласно Мислењето на Министерството за образование и наука од 28.1.2025 година, стекнатата диплома со назив „Дипломиран информатичар" е диплома од прв циклус на студии од научно истражувачко подрачје „Природно-математички науки", научно истражувачко поле „Информатика", научно истражувачка област „Информатика".

Во оваа насока, напоменуваат дека во Колективниот договор за здравствена дејност не постои профил од областа Магистер по информатика, во која што административниот службеник --------- има доказ за стекнато образование, како би можел да се утврди коефициент на сложеност за овој профил на образование, ниту пак има право на признавање на тој степен на образование согласно член 8 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници (Службен весник број 14/2020).

Во врска со останатите вработени во ЈЗУ Клиничка болница- Битола, а со цел усогласување на коефициентите на сложеност на плата, односно ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници и давателите на јавни услуги и останатите вработени, од страна на Управниот одбор на ЈЗУ Клиничка болница- Битола донесена е Одлука со која што се одобрува склучување на Договор за изработка на функционална анализа и систематизација на работните места во болницата.

Појаснуваат дека решението за утврдување на висината на плата за работникот --------- е донесено врз основа на Записникот за извршен инспекциски надзор со кој што било утврдена неправилност во утврдувањето на коефициентот на сложеност за пресметка на плата за тој работник.

Со цел на примена на еднаков третман на сите вработени при пресметка на платите, од страна на болницата во тек е изготвување на нова систематизација врз основа на која што ќе се донесат нови решенија за утврдување на висина на плата, со што во целост ќе се отстранат евентуални неправилности при пресметувањата на платите кај останатите работници, како што тоа било утврдено за работникот --------- и за останатите работници опфатени со инспекцискиот надзор. Истакнуваат дека во постапувањето кон работникот --------- биле инкорпорирани сите укажувања на инспекторите наведени во Записниците од извршените инспекциски надзори во врска со пресметката на плата на административните работници вработени во ЈЗУ Клиничка болница- Битола, како и Мислењето на Министерството за образование и наука од 28.1.2025 година, што во никој случај не претставува дискриминаторско постапување на ЈЗУ Клиничка болница- Битола како работодавач кон вработениот ---------.

<u>Во прилог на одговорот беа доставени</u>:

- Записник за извршен инспекциски надзор ИП1 број --------- од --------- година на Државниот инспекторат за труд;
- Извештај од извршена вонредна контрола во ЈЗУ Клиничка болница- Битола на платите на вработените кои се стекнале со повисок степен на образование, додатоци на плата и унапредувања за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година број --------- од --------- година;
- Мислење на Министерството за образование и наука од 28.1.2025 година;
- Одлука број 02-285/4 од 28.2.2025 година на Управниот одбор на ЈЗУ Клиничка болница- Битола.

По разгледување на наводите од претставката и добиените произнесувања и податоци од ЈЗУ Клиничка болница- Битола, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката е вработен како --------- во ЈЗУ Клиничка болница – Битола. На негово барање за признавање на магистратурата, на 5.7.2023 година бил склучен Анекс на договорот за вработување со кој му бил зголемен коефициентот за пресметка на плата од 3,296 на 3,514. Според неговите наводи, во истиот период им била признаена магистратурата и на други вработени.

Во февруари 2025 година, подносителот добил ново Решение за утврдување на плата и Решение за исправка, со кои му бил намален коефициентот на сложеност, односно веќе не му се засметува магистратурата. Тој истакнува дека само кај него и уште тројца вработени била извршена промена на коефициентот, додека кај други со исто образование, магистратурата останала призната.

ЈЗУ Клиничка болница – Битола во своите поднесоци појасни дека намалувањето на коефициентот било направено врз основа на извршени инспекциски надзори од Државниот инспекторат за труд и од Фондот за здравствено осигурување, со кои била утврдена неправилност во утврдувањето на коефициентот кај подносителот. Наведуваат дека

профилот „магистер по информатика" не е предвиден во Колективниот договор за здравствена дејност, од каде што се извлекуваат коефициентите, и оттаму произлегува дека не постојат услови за признавање на тој степен на образование за пресметка на повисок коефициент.

Дополнително, болницата информира дека во тек е процес на ревизија на систематизацијата на работните места и функционална анализа, со цел утврдување на единствени и усогласени коефициенти за сите вработени. Укажуваат дека во постапувањето кон подносителот ги следеле укажувањата од инспекциските служби и мислењето на Министерството за образование и наука, и дека нивното постапување не било дискриминаторско.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*
Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во конкретниот случај, на подносителот првично му бил признаен повисок степен на образование (магистратура по информатика) и врз таа основа му бил утврден повисок коефициент на сложеност за пресметка на плата. Меѓутоа, по извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд и Фондот за здравствено осигурување, било утврдено дека профилот „магистер по информатика" не е опфатен во Анексот на Колективниот договор за здравствена дејност, од каде што произлегуваат коефициентите на сложеност. Врз основа на овие надзори, болницата извршила корекција на коефициентот со цел да го усогласи со реалниот профил на образование согласно важечкиот Колективен договор и мислењето на Министерството за образование и наука.

За ЈЗУ Клиничка болница- Битола не е спорно дека подносителот поседува магистратура, туку дека соодветниот профил не постои во систематизацијата и Колективниот договор, што значи дека не постои нормативна основа за пресметување повисок коефициент заради степенот на образование. Притоа, во тек е постапка за изработка на нова систематизација со цел усогласување на коефициентите на сложеност на плата кај сите вработени, вклучително и оние на кои магистратурата им била евентуално признаена без соодветен правен основ.

Имајќи го ова предвид, Комисијата утврди дека постапувањето на болницата кон подносителот произлегува од конкретни инспекциски надзори и укажувања кои произлегуваат од нив, што значи дека не станува збор за произволно или селективно постапување кон вработените. Од тоа произлегува дека не е направена разлика помеѓу подносителот и останатите вработени врз основа на некоја од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Заклучно, бидејќи разликата во третманот се базира на формалната (не)усогласеност на профилот на образование со Колективниот договор и систематизацијата на работни места, во конкретниот случај не постои основ за утврдување на дискриминација.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- ---------
- ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски"- Битола, ул. Асном бб, 7000 Битола